NEWYORK UNIVERSITY SKOPJE

STAFFORDSHIRE UNIVERSITY

Врз основа на член 108 од Законот за високото образование (“Службен весник на РМ” бр. 35/2008), и член 21 од Статутот на Њујорк Универзитет Скопје, Универзитетскиот Академски Совет објавува

# КОНКУРС

## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ ВО ПРВ ЦИКЛУС И ТРАНСФЕР НА СТУДЕНТИ НА ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ НА ФАКУЛТЕТИТЕ НА ЊУЈОРК УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ

## ВО УЧЕБНАТА ГОДИНА 2008/2009

### I. Број на студенти

На факултетите на Њујорк Универзитет Скопје, во прва година на додипломски студии во академската година 2008/2009, можат да се запишат следниот број на студенти:

| Факултет | Број на студенти | Цена на студии по семестар* |
|---|---|---|
| **Факултет за бизнис администрација****<br>- Бизнис менаџмент<br>- Бизнис студии<br>- Менаџмент на човекови ресурси<br>- Меѓународен бизнис менаџмент<br>- Маркетинг менаџмент<br>- Бизнис менаџмент и претприемништво<br>- Сметководство и финансии<br>- Сметководство и бизнис<br>- Финансии | 80 | 1350€ |
| **Факултет за компјутерски науки и информатички технологии****<br>- Компјутерски науки и софтверско инженерство<br>- Применети информатички технологии<br>- Веб развој и мултимедија | 30 | 1350€ |
| **Факултет за меѓународни односи, политика и европски студии**<br>- Меѓународни односи<br>- Политички науки<br>- Европски студии | 60 | 1350€ |
| **Факултет за комуникации и медиуми**<br>- Комуникации и медиуми | 30 | 1350€ |

*Цената на студирање ги вклучува сите административни трошоци.
** Програмите на факултетите за бизнис администрација и компјутерски науки и информатички технологии се од Стафордшир Универзитетот, Велика Британија. Студентите на овие програми се стекнуваат и со британска диплома од Стафордшир Универзитетот.

### II. Услови и критериуми за запишување

1. Право на запишување на додипломски студии имаат кандидатите со завршено средно четиригодишно образование, или образование соодветно на тоа и кои имаат положено државна матура или меѓународна матура.
2. Доколку во првиот уписен рок не се пополни бројот на студенти предвиден со овој Конкурс, тогаш право за запишување во вториот уписен рок, освен оние што ја положиле државната матура, имаат и кандидатите од гимназиите кои ја положиле училишната матура и кандидатите од средните професионални училишта кои го положиле државниот испит.
3. Кандидатите кои имаат завршено четиригодишно средно образование или образование соодветно на тоа пред 2008 година, имаат право да се запишат само врз основа на успехот од средно училиште.
4. Кандидатите кои имаат завршено четиригодишно средно образование или образование соодветно на тоа надвор од Република Македонија имаат право да се запишат само врз основа на успехот од средно училиште. (со нострификација при Министерството за образование и наука на Република Македонија).
5. Вреднувањето на успехот од средно образование, државната матура и од училишната матура за учениците од општите гимназии, или завршниот испит за тие што имаат завршено средно професионално училиште (за кандидатите во вториот уписен рок), се изразува во поени. Врз основа на поени ќе се изврши редоследот на примени кандидати.
6. Дополнителен критериум е познавање на англискиот јазик (ТОЕФЛ 525) освен за кандидатите чиј мајчин јазик е англискиот или кои најмалку една учебна година од средното образование учеле на англиски јазик. (Универзитетот организира бесплатна подготовка и полагање на тест по англиски јазик - ТОЕФЛ во просториите на Универзитетот, по претходно закажан термин.)
7. Трансферот на студенти од други локални и странски универзитети се врши врз основа на доставено уверение за положени испити и предметна програма за истите.
8. Кандидатите се запишуваат како редовни студенти со само-финансирање на студиите.

### III. Документи за пријавување и запишување

1. Пополнет формулар за пријавување (достапен и на интернет страницата на Универзитетот www.nyus.edu.mk)
2. Оригинална диплома за завршено средно образование (за студентите кои го имаат завршено средното образование пред 2008 година или надвор од Р. Македонија),
3. Диплома за положена државна матура за кандидатите кои го завршиле средното образование во 2008 година.
4. Оригинални сведителства од сите години или копии заверени на нотар.
5. Копија од лична карта или пасош
6. Две фотографии со димензии за пасош
7. Потврда за познавање на англискиот јазик (ТОЕФЛ резултат 525 поени или друг еквивалентен испит).

### IV. Рокови за пријавување и адреса

Пријавување на кандидатите ќе се врши до 22 август, 2008 година. Објавувањето на резултатите за кандидатие кои ги исполнуваат условите за запишување ќе се изврши на 25 август, 2008 година.
Кандидатите треба да ги достават сите документи за пријавување и запишување во просториите на Њујорк Универзитетот Скопје, **или преку пошта на следната адреса:**

**Њујорк Универзитет Скопје, Сарај 66, 1000 Скопје, Македонија**

Заинтересираните кандидати можат да контактираат со одделението за уписи на следната адреса:
Њујорк Универзитет Скопје, Сарај 66, 1000 Скопје, Тел: +389 2 20 34 600, admissions@nyus.edu.mk; www.nyus.edu.mk

CREATE THE DIFFERENCE